Бр. 12-1326/4
22-03-2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на шестата седница одржана на ден 20 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување во предметот со број 12-1326/1 од 11.03.2019 година и кон него споениот предмет со број 12-1440/1 од 13.03.2019 година.

Предметот со број 12-1326/1 од 11.03.2019 година и кон него споениот предмет со број 12-1440/1 од 13.03.2019, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1326/1 од 11.03.2019 година и кон него споениот предмет со број 12-1440/1 од 13.03.2019 година, е оформен врз основа на добиена анонимна пријава.

Добиената пријава содржи наводи за неправилности во едно средно општинско училиште и се бара да се направи целосна ревизија во платниот список на вработените во предметното средно училиште во однос на пресметките на месечните плати на наставниците и основот за покачување на платата на директорот. Заради постапување и одлучување на ДКСК во единствена постапка, кон овој предмет споен е предметот заведен во ДКСК под архивски број 12-1440/1 од 13.03.2019 година, поради тоа што се работи за пријава со идентично иста содржина на предметните наводи.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во предметниот случај се работи за прашања поврзани со надлежно постапување на други надлежни органи, за што ДКСК нема законска надлежност да се произнесува, како и дека во врска со предметните наводи веќе биле известени соодветни надлежни органи и тоа трудова инспекција и основниот суд пред кои постапката била се уште во тек, по што оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр. 1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk